# НЕДЕЛЕН БИЛТЕН
# НА
# ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

WWW.SUTOORIZARI.GOV.MK

# ПРЕЗЕНТИРАН ПРЕДЛОГ БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2020 ГОДИНА




Председателот на Совет на Општина Шуто Оризари – Фатима Османовска, на 16.12.2019, во Салата на Совет на Општина Шуто Оризари, по објавен јавен повик за презентација, го презентираше предлог општинскиот буџет за 2020 година.

Граѓаните на Општина Шуто Оризари беа повикани за давање предлози или забелешки кои во согласност со можностите ќе бидат внесени во идниот финален буџет на општината.

Општина Шуто Оризари со цел подигнување на нивото на транспарентност и отчетност организираше јавна презентација со цел поттикнување на инклузивност на граѓаните во креирање на буџетските ставки за следната година.




# ПРИЈАВИ ЕЛЕКТРИЧЕН И ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД ПРЕКУ ЕКО-ЛИНИЈАТА: 070/236 000

Преку отворената ЕКО ЛИНИЈАТА: 070/236 000, физичките и правните лица можат секој работен ден да пријават електричен и електронскиот отпад и правилно да се ослободат од истиот.

Во категоријата електронски отпад спаѓаат : компјутери, компјутерска опрема (тастатури, глувчиња), монитори, принтери, тонери, скенери, мобилни телефони, фотоапарати, телевизори и сл.

За електричен отпад се сметаат сите поголеми уреди односно фрижидери, шпорети, машини за перење и сушење, бојлери, клима уреди, склопки, составни делови од машини и останати уреди за домаќинство.

Електричниот и електронскиот отпад делуваат како нетоксичен отпад, но нивното несоодветно третирање, уништување и депонирање доведува до испуштање на тешки метали во воздухот, водата и почвата, кои што сериозно делуваат на здравјето на луѓето и воопшто на квалитетот на животната средина.

Нула Отпад (https://www.facebook.com/nulaotpad/) ги охрабрува граѓаните и фирмите да ја користат ЕКО ЛИНИЈА со цел зголемена заштита на животната средина и правилно одложување на овој тип на отпад.

**ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ОДРЖА КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ, УЧИЛИШТА, ИНСТИТУЦИИ И ДОНАТОРИ НА ПРОЕКТИ ЗА ТУТОРСТВО ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА**



Во иницирање на Општина Шуто Оризари, советничката за образование Рамиза Сакип на ден 12.12.2019 година, во О.У. Браќа Рамиз и Хамид, одржа координативна средба во врска со проектите за туторство на ученици кои се спроведуваат во двете основни училишта на територија на општина Шуто Оризари.

На средбата присуствуваа претставници од Ромскиот Образовен Фонд (Сенат Мустафов – национален фасцилитатор), претстаници од граѓански организации – имплементори на проектот (Љатифа Шиковска – директор на НВО Амбрела, Себихан Демировски – Проектен менаџер на Ромскиот Ресурсен Центар, Гордана Родич Китановска – директор на SIEC ), претставници од основните училишта на територија на општина Шуто Оризари (Алвин Салимовски – директор на О.У. ,,Браќа Рамиз – Хамид", Санела Емин – заменик директор на О.У. ,,Браќа Рамиз- Хамид", Дритан Ганиу – директор на О.У. ,,26 Јули" и Гордица Цветковска – педагог).

Кординативниот состанок беше искористен за разгледување на м
ожните предизвици во процесот на ангажирање на тутори, критериумите кои треба да ги исполнат селектираните тутори и беше разговарано за важноста од инволвирање на наставниците со цел зајакнување на процесот на имплементација преку размена на искуства.

Воедно, на средбата беа разгледани идни можности за воспостанување на соработка, беа дискутирани конкретни последователни активности во насока на одржување континуирана комуникација, ефективност и транспарентност во процесот.

**Курто Дудуш : *„Даваме приоритет на детални урбанистички планови, улични и инфраструктурни проекти, атмосферска канализациона мрежа, спортски зони и паркови во Шуто Оризари"***



Градоначалникот Курто Дудуш, присуствуваше на презентација на проектот : *„Одржлив урбан развој на ромските заедници“*, кој Хабитат - Македонија ќе го спроведува во соработка со Општините Шуто Оризари и Велес.

Севкупна цел на проектот е да се придонесе кон инклузивен, ефикасен и одржлив урбан развој базиран на почитување и реализација на принципите на ЕУ кои водат до подобар квалитет на живеење во ромските заедници во Шуто Оризари и Велес.

На настанот се обратија : Курто Дудуш – Градоначаник на општина Шуто Оризари, Зоран Костов – извршен директор на Хабитат Македонија, Нафи Сарачини – делегација на Европска Унија во РСМ, Аце Коцевски – градоначалник на општина Велес, Лилјана Алчева – заменик директор за програма – Хабитат Македонија и членови на проектната советодавна група.

# ОТВОРЕНА ЕДУКАТИВНА ПАТЕКА ЗА УЧЕНИЦИ – НОВ МЕТОД ЗА УЧЕЊЕ СПОРЕД МОДЕРНА ТЕХНОЛОГИЈА ВО О.У. БРАЌА РАМИЗ И ХАМИД



Директорот на О.У. Браќа Рамиз и Хамид, Алвин Салимовски ја отвори презентацијата на новата едукативна патека лоцирана во дел од училишниот двор, чија што цел е искористување и озеленување на училишниот простор за рекреативни активности.

Едукативните патеки се современ и практичен метод за учење според сите модерни технологии, чија што цел е поттикнување на методот – ,,учење преку игра''. Едукативната патека во О.У. ,,Браќа Рамиз и Хамид" располага со неколку катчиња одбележани според насока кон која ученикот треба да се движи. Овој метод делува стимулативно врз психомоторниот развој на учениците и желбата за учење.

Во реализацијата на овој проект биле вклучени и учениците од училиштето кои се важени актери во зачување на животната средина.На отворање присуствуваше советничката за образование на Општина Шуто Оризари Размиза Сакип, претставници од фондации, невладини организации, ученици, наставници и останати претставници од релевантни институции.

# ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ УЧЕСТВУВА НА ОБУКА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ




Согласно планот за обуки на ЗЕЛС (Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија) – изготвен документ согласно потребите на општините, од областа на локален економски развој, во ЗЕЛС тренинг центарот, беше имплементирана обука за стратешко планирање наменета за локални самоуправи.

Претставник на обуката од Општина Шуто Оризари беше раководителот на одделението за локален економски развој – Срџан Амет.

Обуката за стратешко планирање како важен процес за успех и развој на локалните самоуправи имаше за цел да обезбеди инструмент за јасно дефинирање на приоритети и цели во насока на подобрување на системот на функционирање на општините и насочување на истиот кон решавање на клучни прашања во интерес на граѓаните.

# КУРТО ДУДУШ: „ГРАДИМЕ ИМИЏ НА ОДГОВОРНА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ПОСЛЕ ДЕЦЕНИСКО ЗАПОСТАВУВАЊЕ НА СЕКТОРОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ВО СОРАБОТКА СО ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ"



Градоначалникот Курто Дудуш, оствари работна средба со заменик министерот за животна средина и просторно уредување Јани Макрадули, во Општина Шуто Оризари, во врска со реализацијата на Програмата за намалување на аерозагадувањето.

Програмата предвидува уредување на нова зелена површина во О.У. Браќа Рамиз и Хамид, воведување на енергетски ефикасни системи и набавка на опрема од надворешни, внатрешни прозорци и врати во општинската зграда.

Акцијата за озеленување на О.У. Браќа Рамиз и Хамид, во рамки на програмата треба да се спроведе на крајот на годинава и почеток на 2020 година.

Градоначалникот Курто Дудуш во дел од неговото излагање истакна дека Општина Шуто Оризари после повеќе дениско запоставување на секторот за животна средина, почна да гради имиџ на одговорна локална самоуправа.

Енергетско ефикасните општински објекти се исто така приоритет и за тоа сведочи целосната реконструкција на кровот, прозорите и фасадата во основното училиште Браќа Рамиз и Хамид.

Дополнително, во тек е постапка за отпочнување на проект кој ќе овозможи гасификација на општинската зграда, двете основни училишта во кои учат вкупно над 4.000 ученици и средното училиште.Секако, за реализација на сите активности од програмата за животна средина е потребна и помош од централната власт.

Заменик министерот Макрадули напомена дека патот до почист воздух, поздрава и позелена животна средина може да биде единствено преку заедничка соработка меѓу централната и локалната власт.

Во објектот на Општината се инвестирани околу 1 милион денари, додека разеленувањето е буџетирано со 500.000 денари.

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КУРТО ДУДУШ ПОДЕЛИ 170 НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ,,8МИ АПРИЛ"

Градоначалникот Курто Дудуш присуствуваше на новогодишна приредба во детската градинка ,,8-ми Април" . Новогодишната програма на приредбата беше подржана со партиципативно учество на неколку претставници од локалната самоуправа.



На настанот Градоначалникот Курто Дудуш испрати честитки до децата и нивните родители и подели вкупно 170 новогодишни пакетчиња. Претходната година, општина Шуто Оризари, во насока на унапредување на условите во предучилишното образование по повод на акцијата Новогодишен Економски форум : *,,Биди фраер и донирај прочистувач"* донираше прочистувачи за воздух во секој просторија на градинката.



# НОВОГОДИШЕН НАСТАН: *,,БАТАЛИ ПАЗАР, ДОЈДИ НА НОВОГОДИШЕН БАЗАР "* ВО О.У. БРАЌА РАМИЗ И ХАМИД




Градоначалникот на општина Шуто Оризари Курто Дудуш присуствуваше на новогодишен настан : *,,Батали Пазар, Дојди на Базар"* во О.У. Браќа Рамиз и Хамид, по повод на новогодишните празници. Настанот се одржа во холот на училиштето и беше проследен со театарска престава.

За време на настанот на Градоначалникот Курто Дудуш му беше врачена благодарница за континуираните напори и конкретните заложби со цел обезбедување на подобри услови за учење, реализација на клучни проекти, реконструкција на спортската сала во училиштето, реконструкција на училниците и обезбедување на smart табли во училиштето. На настанот присустваа родители, претставници на локалната самоуправа и ученици.



# НЕДЕЛЕН БИЛТЕН
# НА
# ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ